**20151764837**

## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 став (1) алинеја 3 и член 37 став (3) од Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Македонија" број 39/2014,188/2014 и 44/2015), директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 7.10.2015 година донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА НАДЗОР И НАЧИНОТ НА НЕЈЗИНОТО ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината, како и начинот на издавање и одземање на службената легитимација на лице овластено од директорот на Агенцијата за електронски комуникации за вршење на надзор кај субјект на надзорот ( во онатамошниот текст: овластено лице).

Член 2

Службената легитимација е во правоаголна форма во вид на книшка, со димензии 7,5 см x 11 см, со корици изработени од природна кожа со црвена боја, а во внатрешниот дел има пластифицирана проѕирна влошка.

Член 3

(1) На предната страна од корицата со бела боја е отпечатен текстот: РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, заштитниот знак, АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ и СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА.

(2) Во внатрешниот дел на корицата, на првата страна е поставен грбот на Република Македонија во метална изведба со златна боја и со димензија со висина 5 см.

(3) На предната страна од влошката, во горниот лев агол има простор за фотографија на овластеното лице, а во горниот десен агол е отпечатен заштитниот знак на Агенцијата за електронски комуникации Над него е отпечатен текст РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, а под заштитниот знак текстот: АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ, СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА. Во средниот дел од влошката се впишуваат податоци за името и презимето на овластеното лице, текст "Овластено лице за вршење на надзор", во долниот лев агол се впишува регистарскиот број на службената легитимација и датумот на издавање, а во долниот десен агол е потписот на директорот на Агенцијата за електронски комуникации и место за печат (М.П).

(4) На задната страна од влошката е отпечатен следниот текст:

"Имателот на оваа службена легитимација има права утврдени во Законот за електронските комуникации.

Оператор и друго правно и физичко лице кое врши активности на обезбедување на електронски комуникации е должно на овластеното лице да му овозможи пристап до просториите и документите што се предмет на надзорот, да му овозможи непречено вршење на надзорот, да му ги даде сите информации и податоци потребни за вршење на надзорот, како и да му ги обезбеди сите услови неопходни за непречена работа и утврдување на фактичката состојба."

Член 4

Образецот на службената легитимација е даден во прилог на овој правилник и е негов составен дел.

Член 5

(1) Службената легитимација ја издава директорот на Агенцијата за електронски комуникации.

(2) Службената легитимација му се издава на лице вработено во стручната служба на Агенцијата за електронски комуникации кое од страна на директорот на Агенцијата за електронски комуикации е овластено да врши надзор кај субјекти на надзорот, согласно Законот за електронските комуникации.

Член 6

(1) За издадените службени легитимации се води посебна евиденација во Агенцијата за електронски комуникации.

(2) Евиденцијата за издадените службени легитимации се води редоследно и истата содржи: реден број, име и презиме на имателот на службената легитимација, работно место на имателот на службената легитимација во моментот на издавањето на службената легитимација, организационата единица на Агенцијата за електронски комуникации во која е распореден имателот на службената легитимација, датум на издавање на службената легитимација, број на службената легитимација, датум и акт за огласување на неважност на службената легитимација, датум и акт за поништување на службената легитимација и за бришење на истата од евиденцијата, потпис и датум на прием на службената легитимација од страна на имателот на истата, како и потпис и датум на враќање на службената легитимација од страна на имателот на истата.

(3) Редниот број од евиденцијата под кој е извршен упис на податоците за службената легитимација се впишува во службената легитимација како нејзин регистарски број.

(4) Секоја издадена службена легитимација се евидентира под нов број.

(5) Евиденцијата определена со овој член од правилникот ја води лице овластено за таа цел од директорот на Агенцијата за електронски комуникации.

Член 7

(1) Имателот на службената легитимација кој ќе ја загуби службената легитимација или на друг начин ќе остане без неа, најдоцна во рок од 24 часа треба да го извести директорот на Агенцијата за електронски комуникации и да достави изјава за времето, местото и околностите под кои службената легитимација е изгубена или исчезната на друг начин.

(2) Во случајот од ставот (1) на овој член на имателот на службената легитимација му се издава нова службена легитимација, а претходно издадената службена легитимација се огласува за неважечка и се брише од евиденцијата.

Член 8

Доколку на имателот на службената легитимација му престане работниот однос во Агенцијата за електронски комуникации, или му биде отповикано овластувањето за вршење надзор, треба во рок од 24 часа да ја врати службената легитимација, односно да и ја предаде на Комисијата за поништување на служена легитимација од членот 11 на овој правилник.

Член 9

Службената легитимација се заменува со нова кога поради дотраеност или оштетување стане неупотреблива и кога има промена на личните податоци на имателот на службената легитимација.

Член 10

Службената легитимација што се враќа или заменува, се поништува и истата се брише од евиденцијата.

Член 11

(1) Постапката за огласување на службената легитимација за неважечка и постапката за поништување на службена легитимација ја води Комисија за огласување на службена легитимација за неважечка и за поништување на службена легитимација, составена од три члена од редот на вработените во стручната служба на Агенцијата за електронски комуникации, а формирана со решение на директорот на Агенцијата за електронски комуникации.

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член до директорот на Агенцијата за електронски комуникации доставува предлог за донесување на решение за огласување на службената легитимација за неважечка, односно за поништување на службената легитимација.

(3) Решението од ставот (2) на овој член се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Член 12

(1) Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на службената легитимација на инспекторот за електронски комуникации и начинот на нејзиното издавање и одземање („Службен весник на Република Македонија" број 92/2012).

(2) Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 0201-3509/4
7 октомври 2015 година
Скопје

Директор,
**Роберт Ордановски,** с.р.

ОБРАЗЕЦ НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА







РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АЕК

АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА

име и презиме

**Овластено лице за вршење надзор**

рег. број

М.П.

датум на издавање

Директор

Имателот на оваа службена легитимација има права утврдени во Законот за електронските комуникации.

Оператор и друго правно и физичко лице кое врши активности на обезбедување на електронски комуникации е должно на овластеното лице да му овозможи пристап до просториите и документите што се предмет на надзорот, да му овозможи непречено вршење на надзорот, да му ги даде сите информации и податоци потребни за вршење на надзорот, како и да му ги обезбеди сите услови неопходни за непречена работа и утврдување на фактичката состојба.